| | | Причинета штета - денари | 0 | 4.518.000 | 258.640.499 | 187.616.665 | 0 | 0 | 21.000 | 156.135.034 | 101.657.966 | 98.680.152 | 1.400.000 | 0 | 808.669.316 |
| | Гасење | Учество во гасење (1+2) | 0 | 101 | 2.606 | 745 | 0 | 0 | 10 | 1.393 | 1.560 | 1.740 | 56 | 0 | 8.211 |
| | | 1. Од ЈПНШ | 0 | 56 | 1.720 | 444 | 0 | 0 | 7 | 790 | 796 | 498 | 50 | 0 | 4.361 |
| | | 2. Од други субјекти | 0 | 45 | 886 | 301 | 0 | 0 | 3 | 603 | 764 | 1.242 | 6 | 0 | 3.850 |
| | Трошоци за гасење (ден.) | Вкупно трошоци за гасење на пожарот | 0,00 | 57.389,00 | 3.798.297,00 | 1.063.236,00 | 0,00 | 0,00 | 15.400,00 | 1.721.880,00 | 2.604.142,00 | 722.502,00 | 97.242,00 | 0,00 | 10.080.088,00 |
| | | Трошоци за дневници | 0,00 | 39.309,00 | 2.648.543,00 | 850.528,00 | 0,00 | 0,00 | 10.000,00 | 1.004.633,00 | 1.842.547,00 | 549.908,00 | 70.262,00 | 0,00 | 7.015.730,00 |
| | | Трошоци за гориво и мазиво | 0,00 | 11.802,00 | 666.514,00 | 172.376,00 | 0,00 | 0,00 | 2.500,00 | 451.412,00 | 494.466,00 | 127.914,00 | 18.280,00 | 0,00 | 1.945.264,00 |
| | | Трошоци за средства за гасење | 0,00 | 900,00 | 70.103,00 | 7.900,00 | 0,00 | 0,00 | 1.000,00 | 61.600,00 | 42.000,00 | 11.900,00 | 4.000,00 | 0,00 | 199.403,00 |
| | | Трошоци за храна за екипата за гасење | 0,00 | 4.378,00 | 173.997,00 | 24.332,00 | 0,00 | 0,00 | 900,00 | 151.070,00 | 126.329,00 | 24.180,00 | 4.700,00 | 0,00 | 509.886,00 |
| | | Останати трошоци | 0,00 | 1.000,00 | 239.140,00 | 8.100,00 | 0,00 | 0,00 | 1.000,00 | 53.165,00 | 98.800,00 | 8.600,00 | 0,00 | 0,00 | 409.805,00 |

**Напомена** : Податоците се земени од статистичките листови на MKFFIS-системот и од месечните електронски извештаи кои ги внесуваат подружниците

Извор на податоци: Сектор за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола

## 5.3. ПРЕГЛЕД НА ШУМСКИ ПОЖАРИ ПО ВИД НА ШУМА ЗА 2019 ГОД.

Табела 10б

ВКУПНО НАСТАНАТИ ПОЖАРИ, ВИД НА ШУМА, ПОВРШИНА И ДРВНА МАСА ОПФАТЕНА СО ПОЖАРОТ И ТРОШОЦИ ЗА ГАСНЕЊЕ ЗА 2019 ГОД.

| | ЕЛЕМЕНТИ | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| БРОЈ НА ПОЖАРИ ПО ВИД НА ШУМА, ОПОЖАРЕНА ДРВНА МАСА И ПРИЧИНЕТА ШТЕТА ОД ПОЖАРОТ | **1. ШУМА ОД ИГЛОЛИСНИ ВИДОВИ** | | | | | | | | | | | | | |
| | Број на пожари | 0 | 2 | 29 | 2 | 0 | 0 | 0 | 7 | 9 | 2 | 0 | 0 | 51 |
| | Опожарена површина - ха | 0,00 | 57,05 | 826,10 | 87,20 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 531,35 | 181,90 | 22,60 | 0,00 | 0,00 | 1.706,20 |
| | Опожарена дрвна маса - м³ | 0,00 | 0,00 | 3.418,70 | 7.213,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 25.697,00 | 1.900,00 | 204,40 | 0,00 | 0,00 | 38.433,10 |
| | Причинета штета - денари | 0 | 4.518.000 | 44.507.300 | 183.208.200 | 0 | 0 | 0 | 101.076.190 | 47.377.200 | 16.678.000 | 0 | 0 | 397.364.890 |
| | **2. ШУМА ОД ЛИСЈАРСКИ ВИДОВИ** | | | | | | | | | | | | | |
| | Број на пожари | 0 | 0 | 112 | 9 | 0 | 0 | 1 | 23 | 13 | 4 | 1 | 0 | 163 |
| | Опожарена површина - ха | 0,00 | 0,00 | 4.080,92 | 211,00 | 0,00 | 0,00 | 0,20 | 525,40 | 2.538,59 | 289,00 | 50,00 | 0,00 | 7.695,11 |
| | Опожарена дрвна маса - м³ | 0,00 | 0,00 | 25.497,00 | 410,00 | 0,00 | 0,00 | 3,00 | 8.380,60 | 14.901,00 | 1.950,00 | 200,00 | 0,00 | 51.341,60 |
| | Причинета штета - денари | 0 | 0 | 205.350.399 | 2.870.000 | 0 | 0 | 21.000 | 37.492.344 | 47.008.266 | 1.403.360 | 1.400.000 | 0 | 295.545.369 |
| | **3. ШУМА ОД МЕШАНИ ВИДОВИ** | | | | | | | | | | | | | |
| | Број на пожари | 0 | 0 | 15 | 7 | 0 | 0 | 0 | 2 | 6 | 4 | 0 | 0 | 34 |
| | Опожарена површина - ха | 0,00 | 0,00 | 463,10 | 2.020,20 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 17,50 | 732,30 | 565,00 | 0,00 | 0,00 | 3.798,10 |
| | Опожарена дрвна маса - м³ | 0,00 | 0,00 | 2.013,00 | 70,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 909,50 | 695,00 | 2.476,00 | 0,00 | 0,00 | 6.163,50 |
| | Причинета штета - денари | 0 | 0 | 8.782.800 | 1.538.465 | 0 | 0 | 0 | 17.566.500 | 7.272.500 | 80.598.792 | 0 | 0 | 115.759.057 |
| | **4. ШУМА ОД ОСТАНАТИ ВИДОВИ** | | | | | | | | | | | | | |
| | Број на пожари | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Опожарена површина - ха | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| | Опожарена дрвна маса - м³ | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| | Причинета штета - денари | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **5. ПРИЗЕМНА ВЕГЕТАЦИЈА (трева, разни грмушки и тн.)** | | | | | | | | | | | | | |
| | Број на пожари | 0 | 9 | 67 | 12 | 0 | 0 | 1 | 20 | 18 | 26 | 1 | 0 | 154 |
| | Опожарена површина - ха | 0,00 | 287,30 | 768,69 | 308,10 | 0,00 | 0,00 | 0,30 | 196,30 | 257,55 | 598,30 | 59,50 | 0,00 | 2.476,04 |
| | Опожарена дрвна маса - м³ | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| | Причинета штета - денари | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ВКУПНО | Број на пожари | 0 | 11 | 223 | 30 | 0 | 0 | 2 | 52 | 46 | 36 | 2 | 0 | 402 |
| | Опожарена површина - ха | 0,00 | 344,35 | 6.138,81 | 2.626,50 | 0,00 | 0,00 | 0,50 | 1.270,55 | 3.710,34 | 1.474,90 | 109,50 | 0,00 | 15.675,45 |
| | Опожарена дрвна маса - м³ | 0,00 | 0,00 | 30.928,70 | 7.693,00 | 0,00 | 0,00 | 3,00 | 34.987,10 | 17.496,00 | 4.630,40 | 200,00 | 0,00 | 95.938,20 |
| | Причинета штета - денари | 0 | 4.518.000 | 258.640.499 | 187.616.665 | 0 | 0 | 21.000 | 156.135.034 | 101.657.966 | 98.680.152 | 1.400.000 | 0 | 808.669.316 |
| ГАСНЕЊЕ | УЧЕСНИЦИ ВО ГАСНЕЊЕ НА ПОЖАРОТ (1+2) | 0 | 101 | 2.606 | 745 | 0 | 0 | 10 | 1.393 | 1.560 | 1740 | 56 | 0 | 8.211 |
| | 1. Од ЈПНШ | 0 | 56 | 1.720 | 444 | 0 | 0 | 7 | 790 | 796 | 498 | 50 | 0 | 4.361 |
| | 2. Други субјекти | 0 | 45 | 886 | 301 | 0 | 0 | 3 | 603 | 764 | 1.242 | 6 | 0 | 3.850 |
| ТРОШОЦИ ЗА ГАСНЕЊЕ - денари - | ВКУПНИ ТРОШОЦИ ЗА ГАСНЕЊЕ НА ПОЖАРОТ (од 1 до 5) | 0,00 | 57.389,00 | 3.796.297,00 | 1.063.236,00 | 0,00 | 0,00 | 15.400,00 | 1.721.880,00 | 2.604.142,00 | 722.502,00 | 97.242,00 | 0,00 | 10.080.088,00 |
| | 1. Трош. за дневници | 0,00 | 39.309,00 | 2.648.543,00 | 850.528,00 | 0,00 | 0,00 | 10.000,00 | 1.004.633,00 | 1.842.547,00 | 549.908,00 | 70.262,00 | 0,00 | 7.015.730,00 |
| | 2. Трошоци за гориво и мазиво | 0,00 | 11.802,00 | 666.514,00 | 172.376,00 | 0,00 | 0,00 | 2.500,00 | 451.412,00 | 494.466,00 | 127.914,00 | 18.280,00 | 0,00 | 1.945.264,00 |
| | 3. Трошоци за средства за гасење | 0,00 | 900,00 | 70.103,00 | 7.900,00 | 0,00 | 0,00 | 1.000,00 | 61.600,00 | 42.000,00 | 11.900,00 | 4.000,00 | 0,00 | 199.403,00 |
| | 4. Тр. за храна за екипата за гасење | 0,00 | 4.378,00 | 173.997,00 | 24.332,00 | 0,00 | 0,00 | 900,00 | 151.070,00 | 126.329,00 | 24.180,00 | 4.700,00 | 0,00 | 509.886,00 |
| | 5. Останати трошоци | 0,00 | 1.000,00 | 239.140,00 | 8.100,00 | 0,00 | 0,00 | 1.000,00 | 53.165,00 | 98.800,00 | 8.600,00 | 0,00 | 0,00 | 409.805,00 |

**Напомена :** Податоците се земени од статистичките листови на MKFFIS-системот и од месечните електронски извештаи кои ги внесуваат подружниците

Извор на податоци: Сектор за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола

## 5.4. Извештај за активноста на шумочуварската служба во 2019 год.

Табела 10 в

| Реден број | Подружница | вкупно реони | површина на реони | вк.шумочувари | присуство на терен | води сл.книга | нарушувања од познат сторител | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | бесправно посечена дрвна маса | | | | одземена дрвна маса | | | | | | | | поднесени пријави | |
| | | | | | | | број на настани | количина | вредност по комерцијален ценовник | штета по оштетен ценовник | од ЈПНШ | | од останати | | вкупно | | вредност по комерцијален ценовник | штета по оштетен ценовник | прекршочни | кривични |
| | назив | бр. | ха | бр. | бр. ден. | | бр. | м3 | денари | денари | бр. | м3 | бр. | м3 | бр. | м3 | денари | денари | бр. | бр. |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16=12+14 | 17=13+15 | 18 | 19 | 20 | 21 |
| 1 | Малешево-Берово | 10 | 32.103,20 | 10 | 2.294 | 3.559 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 2 | Равна река-Пехчево | 4 | 10.899,00 | 4 | 878 | 860 | 2 | 2,00 | 3.740,00 | 14.000,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 2 |
| 3 | Осогово-Кр.Паланка | 7 | 24.827,44 | 7 | 1.455 | 1.438 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 3 | 0,85 | 3 | 0,85 | 2.269,00 | 5.950,00 | 0 | 0 |
| 4 | Кратово-Кратово | 3 | 30.952,12 | 3 | 601 | 764 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 5 | Осогово-Кочани | 17 | 39.100,00 | 6 | 1.214 | 1.214 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 5 | Серта-Штип | 4 | 15.665,00 | 2 | 294 | 294 | 2 | 11,64 | 0,00 | 122.220,00 | 5 | 15,45 | 0 | 4,10 | 5 | 19,55 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 7 | Плачковица-Радовиш | 13 | 48.935,00 | 11 | 2.212 | 2.215 | 132 | 123,75 | 231.045,00 | 1.133.014,00 | 20 | 28,82 | 19 | 22,75 | 39 | 51,57 | 97.880,00 | 433.794,00 | 147 | 16 |
| 8 | Плачковица-Виница | 11 | 27.492,00 | 7 | 1.585 | 1.585 | 2 | 1,40 | 2.478,00 | 61.250,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 2 | 0 |
| 9 | Беласица-Струмица | 24 | 49.735,00 | 19 | 0 | 0 | 8 | 33,65 | 0,00 | 295.725,00 | 2 | 8,90 | 0 | 0,00 | 2 | 8,90 | 0,00 | 50.400,00 | 59 | 3 |
| 10 | Саланџак-Валандово | 8 | 22.522,20 | 5 | 1.227 | 1.227 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 1,40 | 0 | 1,40 | 1.610,00 | 9.800,00 | 2 | 0 |
| 11 | Кожуф-Гевгелија | 17 | 50.925,50 | 7 | 1.455 | 1.455 | 6 | 29,30 | 86.692,00 | 205.100,00 | 3 | 9,25 | 1 | 1,40 | 4 | 10,65 | 31.301,00 | 74.550,00 | 4 | 0 |
| 12 | Д,Капија-Д.Капија | 6 | 37.502,96 | 3 | 686 | 686 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 3,00 | 23 | 49,05 | 23 | 52,05 | 110.307,00 | 345.450,00 | 17 | 0 |
| 13 | Бор-Кавадарци | 16 | 59.823,45 | 10 | 2.285 | 2.263 | 6 | 3,50 | 7.311,00 | 24.500,00 | 0 | 0,00 | 6 | 14,00 | 6 | 14,00 | 31.146,00 | 102.870,00 | 0 | 0 |
| 14 | Црн бор-Прилеп | 12 | 37.395,68 | 6 | 1.312 | 932 | 4 | 2,75 | 5.126,00 | 19.250,00 | 1 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 | 0,00 | 2.050,00 | 7.700,00 | 3 | 1 |
| 15 | Бабуна-Велес | 18 | 61.681,08 | 10 | 1.788 | 1.788 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 16 | Шумарство-С.Николе | 4 | 22.332,00 | 3 | 792 | 792 | 1 | 0,80 | 1.648,00 | 24.000,00 | 2 | 2,20 | 0 | 0,00 | 2 | 2,20 | 1.648,00 | 30.000,00 | 1 | 0 |
| 17 | Кајмакчалан-Битола | 12 | 41.927,90 | 8 | 2.093 | 2.093 | 1 | 0,25 | 1.870,00 | 7.000,00 | 1 | 0,25 | 1 | 0,00 | 2 | 0,25 | 467,50 | 1.750,00 | 1 | 0 |
| 18 | Бигла-Д.Хисар | 12 | 28.741,30 | 12 | 2.670 | 2.627 | 10 | 16,85 | 31.510,00 | 117.950,00 | 0 | 23,55 | 0 | 0,00 | 0 | 23,55 | 44.039,00 | 164.850,00 | 10 | 0 |
| 19 | Липа-Крушево | 5 | 16.054,81 | 4 | 982 | 1.087 | 89 | 61,87 | 132.098,00 | 426.790,00 | 8 | 2,70 | 3 | 10,00 | 11 | 12,70 | 27.389,60 | 88.200,00 | 86 | 2 |
| 20 | Преспадрво-Ресен | 9 | 22.262,50 | 5 | 2.142 | 2.142 | 31 | 29,47 | 79.555,50 | 220.955,00 | 2 | 4,40 | 9 | 11,05 | 11 | 15,45 | 33.615,00 | 90.350,00 | 32 | 6 |
| 21 | Галичица-Охрид | 14 | 38.679,96 | 11 | 2.591 | 2.601 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 22 | Јабланица-Струга | 5 | 24.354,98 | 5 | 336 | 336 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 23 | Стогово-Дебар | 8 | 12.871,02 | 4 | 802 | 842 | 16 | 12,12 | 33.265,00 | 70.650,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 24 | Лопушник-Кичево | 25 | 54.805,75 | 25 | 5.224 | 5.224 | 48 | 36,85 | 71.945,50 | 257.950,00 | 11 | 5,90 | 0 | 6,00 | 11 | 11,90 | 22.677,00 | 83.300,00 | 63 | 3 |
| 25 | Сандански-М.брод | 14 | 63.195,39 | 6 | 1.963 | 1.908 | 15 | 18,62 | 34.706,00 | 130.340,00 | 1 | 1,82 | 3 | 7,27 | 4 | 9,09 | 16.944,00 | 63.630,00 | 10 | 4 |
| 26 | Шар-Гостивар | 16 | 28.020,79 | 8 | 1.676 | 1.676 | 19 | 147,16 | 271.284,00 | 1.720.633,00 | 5 | 3,70 | 10 | 79,81 | 15 | 83,51 | 247.921,00 | 708.790,00 | 7 | 13 |
| 27 | Лешница-Тетово | 9 | 7.427,06 | 6 | 1.378 | 1.389 | 44 | 92,57 | 156.380,00 | 788.010,00 | 2 | 2,00 | 24 | 45,75 | 26 | 47,75 | 77.879,00 | 392.690,00 | 26 | 17 |
| 28 | Караџица-Скопје | 20 | 61.582,35 | 12 | 2.767 | 1.482 | 12 | 37,47 | 0,00 | 226.240,00 | 1 | 1,40 | 0 | 0,00 | 1 | 1,40 | 0,00 | 0,00 | 19 | 8 |
| 29 | Куманово-Куманово | 10 | 22.802,20 | 10 | 2.123 | 2.129 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 5,00 | 9 | 5,40 | 9 | 10,40 | 22.868,00 | 79.800,00 | 0 | 0 |
| 30 | Голак-Делчево | 6 | 35.993,80 | 3 | 700 | 700 | 7 | 18,40 | 31.636,00 | 103.600,00 | 0 | 1,00 | 7 | 10,00 | 7 | 11,00 | 31.636,00 | 103.600,00 | 8 | 0 |
| Вкупно | | 339 | 1.030.611,44 | 232 | 47.525 | 47.308 | 455 | 680,42 | 1.182.290,00 | 5.969.177,00 | 64 | 119,34 | 118 | 268,83 | 182 | 388,17 | 803.647,10 | 2.837.474,00 | 497 | 75 |

Извор на податоци: Сектор за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола

## 5.5. Извештај за нарушувања од непознат сторител во 2019 год.

Табела 10г

| Редан број | Подружница | нарушувања од непознат сторител | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | бесправно посечена дрвна маса | | | | одземена дрвна маса | | | | | | | | поднесени пријави | |
| | | број на настани | количина | вредност по комерцијален ценовник | штета по оштетен ценовник | од ЈПНШ | | од останати | | вкупно | | вредност по комерцијален ценовник | штета по оштетен ценовник | прекршочни | кривични |
| | назив | бр. | м3 | денари | денари | бр. | м3 | бр. | м3 | бр. | м3 | денари | денари | бр. | бр. |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11=7+9 | 12=8+10 | 13 | 14 | 15 | 16 |
| 1 | Малешево-Берово | 301 | 2.491,45 | 5.314.930,92 | 42.821.489,00 | 0 | 0,00 | 0 | 236,98 | 0 | 236,98 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 2 | Равна река-Пехчево | 23 | 81,45 | 174.892,00 | 3.074.700,00 | 4 | 50,98 | 0 | 0,00 | 4 | 50,98 | 90.976,00 | 2.706.720,00 | 0 | 0 |
| 3 | Осогово-Кр.Паланка | 4 | 20,40 | 39.150,00 | 142.800,00 | 1 | 8,40 | 0 | 0,00 | 1 | 8,40 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 4 | Кратово-Кратово | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 3,60 | 0 | 3,60 | 3.240,00 | 15.600,00 | 0 | 0 |
| 5 | Осогово-Кочани | 147 | 244,87 | 427.308,90 | 1.554.070,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 6 | Серта-Штип | 8 | 362,28 | 805.230,00 | 2.674.560,00 | 10 | 14,20 | 4 | 12,20 | 14 | 26,40 | 735.660,00 | 2.303.700,00 | 0 | 0 |
| 7 | Плачковица-Радовиш | 87 | 970,48 | 1.762.460,00 | 7.917.576,00 | 28 | 37,10 | 7 | 15,01 | 35 | 52,11 | 96.034,00 | 345.870,00 | 5 | 0 |
| 8 | Плачковица-Виница | 37 | 555,49 | 1.056.670,50 | 5.898.863,00 | 3 | 18,50 | 0 | 0,00 | 3 | 18,50 | 32.745,00 | 129.500,00 | 0 | 0 |
| 9 | Беласица-Струмица | 3 | 12,60 | 0,00 | 99.350,00 | 0 | 9,60 | 0 | 0,00 | 0 | 9,60 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 10 | Саланџак-Валандово | 3 | 18,52 | 34.055,00 | 113.240,00 | 0 | 10,50 | 0 | 1,00 | 0 | 11,50 | 16.411,00 | 63.150,00 | 0 | 0 |
| 11 | Кожуф-Гевгелија | 9 | 57,75 | 156.118,00 | 404.250,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 12 | Д,Капија-Д.Капија | 3 | 18,97 | 21.816,00 | 132.790,00 | 0 | 0,00 | 1 | 0,70 | 1 | 0,70 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 13 | Бор-Кавадарци | 1 | 2,00 | 4.178,00 | 14.000,00 | 0 | 0,00 | 6 | 5,68 | 6 | 5,68 | 11.865,45 | 36.960,00 | 0 | 0 |
| 14 | Црн бор-Прилеп | 198 | 1.595,59 | 2.975.016,00 | 11.861.870,00 | 7 | 23,10 | 97 | 171,65 | 104 | 194,75 | 363.010,00 | 1.363.250,00 | 0 | 0 |
| 15 | Бабуна-Велес | 108 | 1.615,54 | 0,00 | 10.080.280,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 16 | Шумарство-Св.Николе | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 17 | Кајмакчалан-Битола | 7 | 48,16 | 129.882,00 | 329.420,00 | 2 | 2,10 | 1 | 31,50 | 3 | 33,60 | 132.339,00 | 337.120,00 | 1 | 0 |
| 18 | Бигла-Д.Хисар | 186 | 474,49 | 929.890,00 | 3.457.426,00 | 0 | 80,80 | 0 | 0,00 | 0 | 80,80 | 303.244,00 | 1.178.940,00 | 0 | 0 |
| 19 | Липа-Крушево | 251 | 1.685,98 | 3.567.335,00 | 11.801.860,00 | 3 | 2,05 | 1 | 0,30 | 4 | 2,35 | 5.185,00 | 16.450,00 | 0 | 0 |
| 20 | Преспадрво-Ресен | 4 | 3,10 | 8.370,00 | 21.700,00 | 1 | 0,49 | 4 | 5,60 | 5 | 6,09 | 16.443,00 | 42.630,00 | 1 | 0 |
| 21 | Галичица-Охрид | 43 | 987,95 | 1.633.768,50 | 6.419.350,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 22 | Јабланица-Струга | 1 | 92,90 | 173.723,00 | 650.300,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 23 | Стогово-Дебар | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 24 | Лопушник-Кичево | 292 | 1.613,46 | 3.121.548,60 | 11.494.220,00 | 6 | 19,90 | 6 | 8,40 | 12 | 28,30 | 40.357,00 | 137.909,80 | 0 | 0 |
| 25 | Сандански-М.брод | 63 | 211,23 | 393.656,00 | 1.481.110,00 | 2 | 1,99 | 2 | 43,26 | 4 | 45,25 | 84.345,00 | 316.750,00 | 0 | 1 |
| 26 | Шар-Гостивар | 41 | 379,86 | 692.300,00 | 4.616.375,00 | 7 | 5,40 | 4 | 29,00 | 11 | 34,40 | 98.448,00 | 343.700,00 | 0 | 0 |
| 27 | Лешница-Тетово | 30 | 54,48 | 101.526,00 | 646.710,00 | 5 | 4,55 | 18 | 15,10 | 23 | 19,65 | 33.622,00 | 167.870,00 | 14 | 8 |
| 28 | Караџица-Скопје | 1.410 | 13.063,12 | 0,00 | 91.441.840,00 | 38 | 120,50 | 41 | 74,85 | 79 | 195,35 | 0,00 | 975.100,00 | 0 | 0 |
| 29 | Куманово-Куманово | 4 | 7,14 | 14.062,50 | 49.973,00 | 0 | 0,00 | 8 | 32,50 | 8 | 32,50 | 60.845,00 | 227.500,00 | 0 | 0 |
| 30 | Голак-Делчево | 20 | 60,29 | 108.395,00 | 938.380,00 | 1 | 1,40 | 3 | 7,70 | 4 | 9,10 | 20.713,00 | 80.800,00 | 0 | 0 |
| Вкупно | | 3.284 | 26.729,55 | 23.646.281,92 | 220.138.502,00 | 118 | 411,56 | 203 | 695,03 | 321 | 1.106,59 | 2.145.482,45 | 10.789.519,80 | 21 | 9 |

Извор на податоци: Сектор за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола

## 5.6. Коментар

Заштитата на шумите е систем на мерки и активности кои се спроведуваат со цел да се обезбеди опстанок на шумите, зачувување на здравствената состојба и виталност на шумите од противправно присвојување и користење, пожари, растителни болести и штетници, бесправни сечи, противправно собирање на други шумски производи и други оштетувања.

За заштита на шумите и шумските култури од растителни болести и штетни инсекти утврдени се средства преку Програмата за проширена репродукција на шумите за 2019 год. Активностите се во насока на:

-Превентивна заштита на шумите и шумските култури преку организирана Извештајно дијагнозно прогнозна служба (ИДП служба) и следење на здравствената состојба на шумите на биоиндикаторски точки на територијата на Република Македонија, ќе се врши со превентивна заштита на шумите и шумските култури од потенцијални штетници кои може да загрозат поголеми шумски простори, преку организирана Извештајно дијагнозно прогнозна служба (ИДП служба) за шумите во РМакедонија и преку следење на состојбата на шумите на биоиндикаторските точки поставени на 16 километарска мрежа на територијата на РМ. Шумарскиот факултет—Скопје, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ќе достави Извештај за здравствената состојба на шумите во РМакедонија за 2018 година со предлог мерки и Извештај за здравствената состојба на шумите на биоиндикаторските точки на територијата на РМ за 2018 година. Заштита на костеновите шуми од болести (рак на костенот), ќе се врши со соодветно третирање на болестиа-рак на питомиот костен на Скопска Црна Гора на костеновите популации околу с.Љуботен. За таа цел Шумарскиот факултет—Скопје, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ќе достави стручно - оперативно програма за спроведување на мерката, а по извршената работа ќе достави извештај за соодветно третирање на болеста на питомиот костен, со препораки за понатамошно делување. За оваа намена се обезбедуваат финансиски средства од МЗШВ преку Програмата за проширена репродукција на шумите за 2019 година во се вкупен износ од 1.610.000,00 денари, односно за превентивна заштита на шумите и шумските култури преку организирана Извештајно дијагнозно прогнозна служба (ИДП служба) во износ од 800.000,00 денари, следење на здравствената состојба на шумите на биоиндикаторските точки на територијата на Р.Македонија во износ од 200.000,00 денари и заштита на костеновите шуми од болести (рак на костенот) во износ од 610.000,00 денари.

Од аспект на заштита на шумите, а со оглед на нашите климатски услови, како најголем произлегува проблемот со заштита на шумите од пожари кои како деструктивен елемент се сметаат за елементарна непогода со која на шумскиот фонд му се нанесуваат повеќекратни штети.

Согласно податоците кои се прибираат во текот на годината, а истите се добиени од: **Електронскиот систем MKFFIS, преку статистичките листови кои ги доставуваат подружниците** и електронските **Месечни извештаи за реализирани активности на шумочуварската служба** доставени до Секторот за заштита на шуми, надзор и внатрешна контрола, евидентирани се **402** пожари во текот на **2019 година,** со вкупно **опожарена површина од 15.675,45** хектари, а опожарена **дрвна маса** е **95.938,20м³** при што е причинета **штета** од **808.669.316,00** денари. **Вкупните трошоци** за гаснење на пожарите изнесуваат **10.080.088,00** денари. Во гаснењето на сите **402** пожари учествувале **8.211 гасначи во екот на пожарите,** од кои **поголем** број се **вработени во ЈПНШ,** а **останатите се гасначи од други субјекти.** (Табела 10, 10а и 10б, стр.41, 42, 43 и 44)

Секторот за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола ја анализира и прикажува состојбата со настанатите шумски пожари во три категории:

- Според место на настанување на пожарот;
- Според количина на дрвна маса изгорена во пожарот;
- Според видот на опожарената шума;

1. <u>Според место на настанување на пожарот</u>

✓ Од вкупниот број на пожари **(402),-64** пожари се настанати **вон шума и завршиле вон шума** при што е опожарена површина од **568,49ха,** нема изгорено дрвна маса, а трошоците за гаснење изнесуваат **808.207,00ден.** Во гаснењето учествувале **566** гасначи, од кои **311** вработени во ЈПНШ, а **255** гасначи биле од др. субјекти.(Табела 10 стр.41)

✓ Од вкупниот број на пожари **(402),-153** пожари се настанати **вон шума и навлегле во шума** при што е опожарена површина од **5.499,97ха,** со опожарена дрвна маса **32.948,20м³**, причинета штета од **281.517.751,00ден.**, а трошоците кои се направени за гаснење изнесуваат **3.678.511,00ден.** Во гаснењето учествувале **3.185** гасначи, од кои **1.627** вработени во ЈПНШ, а **1.558** гасначи од други субјекти.(Табела 10 стр.41)

✓ Од вкупниот број на пожари **(402),-185** пожари се настанати **во шума и завршиле во шума** при што е опожарено **9.606,99ха** со опожарена дрвна маса **62.990,00м³**, причинета штета од **527.151.565,00ден.**, а трошоците за гаснење изнесуваат **5.593.370,00ден.** Во гаснењето учествувале **4.460** гасначи, од кои **2.423** вработени во ЈПНШ, а **2037** гасначи од др. субјекти.(Табела 10 стр.41)

2. Според количина на дрвна маса изгорена во пожарот

✓ Од вкупниот број на пожари **(402),- 256** пожари се **без опожарена дрвна маса**, а при тоа била опожарена површина од **6.294,81ха**, и причинета е штета од **59.464.465,00ден** а трошоците за гаснење изнесуваат **4.094.124,00ден**. Во гаснењето на пожарите учествувале **4.585** гасначи, од кои **2.455** вработени во ЈПНШ, а **2.130** гасначи од други субјекти.(Табела 10а стр.42,43)

✓ Од вкупниот број на пожари **(402),- 24** пожари со **опожарена дрвна маса до 10м$^3$**, а при тоа била опожарена површина од **324,90ха**, со вкупно опожарена дрвна маса **105,20м$^3$** и причинета е штета од **4.603.399,00ден,** а трошоците за гаснење изнесуваат **275.886,00ден**. Во гасењето на пожарите учествувале **198** гасначи, од кои **132** вработени во ЈПНШ, а **66** гасначи од др. субјекти.(Табела 10а стр.42,43)

✓ Од вкупниот број на пожари **(402),- 54** пожари се со **опожарена дрвна маса до 100м$^3$**, а при тоа била опожарена површина од **2.343,70ха**, со вкупно опожарена дрвна маса **2.594,50м$^3$** и причинета е штета од **63.073.540,00ден.**, а трошоците за гаснење изнесуваат **1.178.703,00ден**. Во гаснењето на пожарите учествувале **965** гасначи, од кои **536** вработени во ЈПНШ, а **429** гасначи од други субјекти. (Табела 10а стр.42,43)

✓ Од вкупниот број на пожари **(402),- 68** пожари се со **опожарена дрвна маса над 100м$^3$**, а била опожарена површина од **6.712,04ха**, со опожарена дрвна маса **93.238,50м$^3$** и причинета е штета од **681.527.912,00ден.**, а трошоците за гаснење изнесуваат **4.531.375,00ден**. Во гаснењето на пожарите учествувале **2.463** гасначи, од кои **1.238** вработени во ЈПНШ, а **1.225** гасначи од други субјекти.(Табела 10а стр.42,43)

3. Според видот на опожарената шума

✓ Од вкупниот број на пожари**(402),-51 пожар** се во опожарена шума од иглолисни видови, а била опожарена површина од **1.706,20ха,** со опожарена дрвна маса **38.433,10м$^3$**и причинета е штета од **397.364.890,00ден.** (Табела 10б стр.44)

✓ Од вкупниот број на пожари **(402),- 163 пожари** се во опожарена шума од лисјарски видови, а била опожарена површина од **7.695,11ха,** со опожарена дрвна маса **51.341,60м$^3$** и причинета е штета од **295.545.369,00ден.** (Табела 10б стр.44)

✓ Од вкупниот број на пожари **(402),- 34 пожари** се во опожарена шума од мешани видови, а била опожарена површина од 3.798,10**ха,** со опожарена дрвна маса **од 6.163,50м$^3$**и причинета е штета од **115.759.057,00ден.** (Табела 10б стр.44)

✓ Од вкупниот број на пожари **(402),- 154 пожари** се со опожарена приземна вегетација (трева, разни грмушки), а била опожарена површина од 2.476,04**ха.** (Табела 10б стр.44)

Од анализата на податоците за настанатите пожари во периодот од 01.01.-31.12. 2019 год. и 01.01.-31.12. 2018 год., може да се акцентира следново:

- Во периодот од 01.01.-31.12. 2019 год. година има вкупно 402 пожари, додека во истиот период 2018 год. имало вкупно 129 пожари.
- Вкупно опожарена површина во периодот од 01.01.-31.12. 2019 год. е 15.675,45 хектари, додека во истиот период 2018 год. вкупно опожарена површина е 2.822,99хектари.
- Вкупно опожарена дрвна маса во периодот од 01.01.-31.12. 2019год. изнесува 95.938,20м3, додека, во истиот период 2018 год. опожарена е дрвна маса од 5.785,98m3.
- Во периодот од 01.01.-31.12. 2019 год. од настанатите пожари, има причинета штета од 808.669.316,00 денари, во споредба со истиот период 2018год. причинетата штета е 69.368.610,00 денари.
- Во периодот од 01.01.-31.12. 2019год. направени се трошоци за гаснење во износ од 10.080.088,00денари, а во споредба со истиот период 2018год. направените трошоци се во износ од 2.306.065,00 денари.

По подружници беше испратен налог да ги ажурираат плановите за 2019 година и во нив да го применат член 34, став 2 од Законот за пожарникарство во кој се вели: "Кога во гаснењето на пожари во шума и други отворени простори покрај силите од став (1), на овој член се вклучени и вработените во правното лице, кое стопанисува со опожарените површини, со гаснењето на пожарот раководи одговорно лице согласно со неговиот план за заштита од пожари". Овој налог во целост е спроведен.

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за шумите (Сл.Весник на РМ бр.160 од 31 октомври 2014 година), поради подобрување на мониторингот над шумските пожари, превентива, фактори и причинители, видот и големината на пожарот, учесниците во гаснењето и трошоците за гаснење, предизвиканите штети, во органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството се воспостави и води Единствен информативен систем и регистар за шумските пожари. Субјектите кои стопанисуваат со шумите се должни да ги собираат податоците за шумските пожари и најдоцна во рок од осум дена од денот на избувнувањето на пожарот за тоа да го известат органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството. Органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството собраните податоци треба да ги достави на домашните и меѓународните тела и институции на нивно барање. Следењето на настанатите пожари е преку електронскиот систем MKFFIS, преку статистичките листови кои ги доставуваат подружниците.

ЈП“Национални шуми” со својата активност целосно е вклучено во воспоставувањето на Методологијата за мониторинг и процена на веројатност за ризик од шумски пожари, во консултација со домашни и странски експерти, а која се темели на елементи на ризик од шумски пожари и алатки за процена на ризикот. Со посебно софтверско решение изработено по принципите на Методологијата за мониторинг и процена на веројатност за ризик од шумски пожари се утврдува дневната опасност за појава на шумски пожари, како и следење на однесувањето на отпочнатите шумски пожари.

Со оглед на зголемената опасност од пожари на отворен простор што се должи на високите температури на воздухот, како и известувањето и проценките за очекувани топлотни бранови во пролетниот и зимскиот период од годината, како и во согласност со член 57, став 3, од Законот за шуми:

- ЈПНШ достави Барање со арх.бр.11-300/1 од 29.03.2019 година до МЗШВ, за согласност за ограничување односно делумна забрана на движењето во шумите со кои стопанисува ЈП. Согласно поднесеното барање од ЈПНШ, МЗШВ воведе Делумна забрана за движење во шума и шумско земјиште со арх.бр.49-4318/2 на 29.03.2019 година. По процена дека е намален ризикот од појава на шумски пожари, ЈПНШ поднесе барање за отповикување на делумна забрана за движење во шума и шумско земјиште со арх.бр.11-300/4 од 10.04.2019 година. Согласно член 57, став 3, од Законот за шуми, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со арх.бр.49-4318/4 од 10.04.2019 година, даде согласност за укинување на делумна забрана за движење во шума и шумско земјиште.
- ЈПНШ достави Барање со арх.бр.02-628/1 од 07.08.2019 година до МЗШВ, за согласност за ограничување односно делумна забрана на движењето во шумите со кои стопанисува ЈП. Согласно поднесеното барање од ЈПНШ, МЗШВ воведе Делумна забрана за движење во шума и шумско земјиште со арх.бр.49-8435/2 на 07.08.2019 година. По процена дека е намален ризикот од појава на шумски пожари, ЈПНШ поднесе барање за отповикување на делумна забрана за движење во шума и шумско земјиште со арх.бр.02-628/4 од 25.09.2019 година. Согласно член 57, став 3, од Законот за шуми, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со арх.бр.49-8435/4 од 26.09.2019 година, даде согласност за укинување на делумна забрана за движење во шума и шумско земјиште.

Движењето беше дозволено единствено со писмена дозвола издадена од подружниците на ЈП„Национални шуми“ за подрачјето со кое стопанисуваат. Ограничувањето не важи за вработените во ЈП„Национални шуми“. Согласноста за делумна забрана за движење во шума и шумско земјиште важи се до нејзино отповикување.

Секторот за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола достави Известување бр.11-25/81 од 01.07.2019 година, до одговорните лица во Подружниците(30) за проверка на состојбата и исправноста на противпожарната опрема-алатот како и исправноста на противпожарните возила со кои располагаат 5-те Подружници, да се организираат активни дежурства согласно ГОП, да се интензивира набљудувањето на теренот и да се појачаат контролите на шумочуварската служба во местата со повисок степен на загрозеност од шумски пожар, со цел рано детектирање на шумски пожари. Иста ваква наредба беше испратена до одговорните лица во подружниците на 26.08.2019 година заверена со арх. бр. 11-674/1.

Согласно заклучок бр.1 од вториот состанок на Координативното тело за заштита на шумите од пожари на отворен простор одржан на 16.07.2019 година ЈПНШ доби задача да изработи Информација за шумските пожари, со сите потреби (материјално-технички и човечки и други) за справување со шумските пожари и истата преку Координативното тело да се достави до Управувачкиот комитет за запознавање.

Секторот за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола ја изработи Информацијата бр. 11-25/100 од 19.07.2019 година, со краток преглед на состојбата со шумските пожари за Јануари-Јуни 2019 година, мерки и активности кои ЈПНШ ги има преземено за превенција и справување со шумските пожари и приоритетни материјално-технички и човечки ресурси потребни за подобрување на системот за брзо и навремено справување со појавата на пожарите, и истата ја достави до ЦУК- Координативното тело за справување со пожари.

Согласно Извадокот од Нацрт-записникот од 168-та седница на Владата на Р.С. Македонија одржана на 3 декември 2019 година, генералниот директор на ЈП „Национални шуми" номинираше претставници за Координативна работна група за преиспитување на законска рамка за заштита од пожари на отворен простор.

Согласно **Закон за заштита и спасување** (Сл.весник на РМ бр.67/04), **Закон за пожарникарство** (Сл.весник на РМ бр.67/04), **Закон за шумите** (Сл.весник на РМ бр.64/09), **Правилникот за посебните мерки за заштита на шумите од пожари** (Сл.весник на РМ *бр.82 од 19.05.2015 година*), и согласно Годишниот оперативен план кој го изработуваат подружниците, при настанување на шумски пожар ЈП Македонски шуми има обврска да даде **прв одговор** со гасначи и средства за гаснење.

Од тука следува дека ЈП„Национални шуми“ има обврска да презема **превентивни, подготвителни и директни мерки за заштита на шумите од пожари.**

**Преземени превентивни и подготвителни мерки во текот на 2019 година за заштита од шумски пожари:**

1. За формирање на тренинг центар за заштита на шумите од пожари во кругот на подружницата Бор-Кавадарци, Владата на Р. Македонија донесе Одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на РМ (КП бр. 1667/1, КП бр. 1990/3 и КП бр.1635/2 КО Глишиќ) на ЈПМШ, со вкупна површина од 9.841 $м^2$(Сл.весник на РМ -бр.202/2018), каде што се лоцирани постоечките објекти на дирекцијата на ПШС „Бор Кавадарци".

- За таа цел беше изработен Основен и Изведбен проект за изградба на деловен објект - Тренинг центар за гаснење на шумски пожари, со техничка документација (Записник бр.11-25/12 од 07.02.2019год.), со следните фази: архитектура, конструкции, електрични инсталации-електрика, водовод и канализација, термо-технички инсталации, ППЗ, потврда за усогласеност со минималните барања за енергетска ефикасност на зградите како и геодетски елаборат со нумерички податоци за реализација на урбанистички планови и урбанистички планска документација, за истиот е направена ревизија по фази доставена до Сектор за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина во Општина Кавадарци.

- Извршена е уплата на надоместок за уредување на градежно земјиште КП бр. 1667/1 КО Глишиќ согласно Пресметка бр. 11-1474/2 од 13.03.2019 година, и добиено е Одобрение за градење со арх. бр. 11-6 од 24.10.2019 година, од Општина Кавадарци, со правосилност од 14.11.2019 година.

2. Во текот на целата година ЈПНШ ги презема вообичаените превентивни и подготвителни мерки за заштита на шумите од пожари. За таа цел на 22.05.2019 година во Кавадарци, ДЗС одржа обука за гаснење на пожари на отворен простор и шумски пожари како и обука за возилата, за 92 вработени од подружниците и од дирекцијата на ЈП "Национални шуми", со 5 специјални теренски возила за прв одговор при настанат пожар опремени со резервоар за вода (300л.), пумпа и систем за гаснење и 1 специјално возило камион-цистерна со резервоар за вода (6.000л.), 2 система за гаснење, 1 воден топ и систем за самозаштита. Обуката за гаснење на пожари содржеше теоретски и практичен дел. Теоретскиот дел се одржа во просториите на СОЗШУ "Ѓорче Петров" во Кавадарци, а практичниот дел на висорамнината Витачево-Кавадарци. ДЗС вооедно изведе и вежба за гаснење на пожар со помош на авиони. Дирекцијата за заштита и спасување им издаде 92 Сертификати за завршена обука за гаснење на шумски пожар од одржаната обука на 22.05.2019 година на висорамнината Витачево-Кавадарци на вработени во ЈПНШ.

3. Со цел превентивно делување пред претстоечката летна сезона за заштита на шумите од шумски пожари, ЈП"Национални шуми" и Противпожарниот сојуз на Македонија, на 18.06.2019 година, на Плоштадот Македонија во Скопје, организираа **јавна кампања „Да**

**ги заштитиме шумите од пожари"** со цел подигање на јавната свест кај граѓаните за значењето на шумите во еколошкиот систем и нивна заштита од шумски пожари.

4. Подготовка на Годишен оперативен план за заштита на шумите од пожари за 2019год. -во текот на ноември и декември 2018год., сите 30 Подружници во состав на ЈП изработија ГОП за заштита на шумите од пожари за 2019 година.

5. Извршена е набавка на заштитна опрема за гаснење на шумски пожари по спецификација, согласно со склучен договор за јавна набавка на стоки - заштитна опрема за гаснење на шумски пожари, врз основа на спроведена постапка за јавни набавки, и истите беа распоредени во 14 подружници.

6. Извршена е набавка на униформи за шумочуварска служба по спецификација, согласно со склучен договор за јавна набавка на стоки - Униформи за шумочуварска служба, врз основа на спроведена постапка за јавни набавки, и истите беа распоредени на нововработени и прераспоредени припадници на шумочуварската служба во 21 Подружница.

7. Секторот за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола во април 2019год. изготви „Информација за состојбата со шумските пожари, преземени мерки и активности за заштита од пожарите за периодот 2016-2019 год." и истата ја достави до Центарот за управување со кризи, со следна содржина: **Состојба со шумски пожари**- каде е даден краток осврт на состојба со шумските пожари во ЈП за период од 1999 до 2018год. со посебен осврт на пожарите настанати во период 2016 година заклучно со март 2019 година; Препораки дадени од Државниот завод за ревизија- кои се однесуваат за заштита на шумите од пожари; Мерки и активности кои ЈП ги има преземено за превенција и справување со шумските пожари и Предлози и препораки за подобрување на системот за брзо и навремено справување со појавата на пожарите и неопходна потреба од ресурси (човечки и материјално- технички)

Додека на 19.07.2019 година доставена е втора „Информација за состојбата со шумските пожари, преземени мерки и активности за заштита од пожарите за периодот 2016-2019 год." и истата ја достави до Управувачкиот комитет при Центарот за управување со кризи по заклучоците од вториот состанок на Коорднативното тело за заштита на шумите од пожари на отворен простор, со следна содржина: **Состојба со шумски пожари**- каде е даден краток осврт на состојба со шумските пожари во ЈП за период од 1999 до 2018год. со посебен осврт на пожарите настанати во период 2016 година заклучно со март 2019 година, Препораки дадени од Државниот завод за ревизија- кои се однесуваат за заштита на шумите од пожари, Мерки и активности кои ЈП ги има преземено за превенција и справување со шумските пожари и Предлози и препораки за подобрување на системот за брзо и навремено справување со појавата на пожарите и неопходна потреба од ресурси (човечки и материјално- технички).

8. Секторот за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола испрати до раководните лица во Подружниците Известување со укажување за зголемување на мерките за претпазливост од шумски пожар во ловиштата, и воедно им се укажа задолжително да се достави известувањето до Правните лица или ловечки друштва кои се

корисници на дивечот во ловиштето со концесија (одобрение), како превентивна мерка за заштита на шумите од пожари.

9. Секторот за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола испрати до раководните лица во Подружниците барање за навремено изготвување на Годишниот Оперативен План за заштита на шумите од пожари за 2020 год.(во тековната година до 31.12.2019, за наредната 2020 год.)

Заштитата на шумите од шумски штети претставува сериозен фактор во зачувување на шумскиот фонд. Бројот на прекршителите, односно сторителите на шумски штети и кражби на дрво во последните години се зголемува, а со тоа на шумскиот фонд му се нанесуваат значителни штети. ЈП „Национални шуми“ преку Секторот за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола и шумочуварската служба, заштитува:

- Уредена површина на ниво на ЈПМШ 1.051. 641 ха
- Неуредена површина 88.018 ха

или **Вкупно се врши заштита на шумите на површина од 1.139.659ха.**

Согласно **Закон за изменување и дополнување на Законот за шумите** (Сл.весник на РМ, бр.160 од 31.10.2014год.) во член 81, дефинирано е дека правните субјекти кои стопанисуваат со државните шуми **вршат реонско чување на шумата** и притоа треба да се формираат - шумочуварски реони, односно чувањето на шумите се врши двостепено, шумочуварската служба врши реонско чување на шумите, додека шумската полиција врши контролно-патролно чување на шумите.

„Реонското чување го врши шумочуварска служба во состав на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми” и другите субјекти кои стопанисуваат и управуваат со заштитените подрачја без оглед на нивната намена”.

Припадниците на шумочуварската служба во шумочуварските реони особено се овластени да: го чуваат реонот од бесправни сечи и шумски кражби, да вршат преглед на сите средства со кои се превезува или пренесува дрво во шумочуварскиот реон и на контролните рампи на шумските патишта, да ги легитимираат сите лица затечени во шума, да известуваат за појавени шумски пожари, растителни болести, шумски штетници и други непогоди во шумочуварскиот реон. За сите бесправни дејствија да ги известуваат надлежните органи во правните субјекти за стопанисување со шумите, а против прекршителите да поднесуваат барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен орган. Припадниците на шумочуварската служба за својата работа водат службена книга за бесправните дејствија и за утврдување на фактичката состојба во реонот.

Воведена е електронска евиденција поединечно за секој припадник на шумочуварската служба: Име и број на шумочуварски реон со кој е задолжен,

лиценца број, легитимација број, телефонски број, чекан за шумска штета број, дозвола за поседување и носење на оружје број, како и следење на промените кои настануваат на шумочуварската служба со доставување на информации во континуитет.

Со цел поефикасно и побрзо прибирање и анализа на податоците кои ги доставуваат подружниците до Секторот за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола, изготвени се нови извештаи кои се испраќаат до Секторот во електронска и пишана форма:

-Извештај за активноста на шумочуварската служба;

-Извештај за нарушувања од познат и непознат сторител;

-Извештај за активности за гаснење на пожари, причинители, преземени мерки;

-Извештај за трошоци и причинети штети од настанати пожари.

Во 2019 година за 339 реони со вкупна површина од 1.030.611,44 ха, се задолжени шумочувари (232), контролори на рампа, а за организирање на работата на шумочуварската служба се задолжени шефови по заштита на шумите и екологија.

Од табеларниот преглед за активностите на шумочуварската служба може да се види дека во 2019 година поднесени се вкупно 572 пријави од кои 75 кривични и 497 прекршочни. Исто така откриени се нарушувања од познат сторител при што е одземена дрвна маса од вкупно 388,17 м3. Проценката на бесправно посечената дрвна маса изнесува 680,42м3 или 1.182.290,00 ден. вредност според комерцијален ценовник. (Табела 10в, стр.45)

Од табеларниот преглед за нарушувања од непознат сторител може да се види дека во 2019 година поднесени се вкупно 30 пријави од кои 9 кривични и 21 прекршочна. Исто така откриени се нарушувања од непознат сторител при што е одземена дрвна маса од вкупно 1.106,59 м3. Проценката на бесправно посечената дрвна маса изнесува 26.729,55м3 или 23.646.281,92 ден. вредност според комерцијален ценовник. (Табела 10г, стр.46)

# 6. Извршени работи за изработка на Посебни планови за стопанисување со шумите во 2019 год.

Секторот за уредување на шуми работи на изготвување на посебни планови за стопанисување со шумите, односно изготвува плански документи во кои се даваат насоки за стопанисување со шумите на одржлив и еколошки принцип.

Секторот за уредување на шуми, ловишта и проектирање самостојно и целосно изработува Посебни планови за стопанисување со шуми и ловишта. Извршителите вршат припрема во канцеларија за несметано извршување на работите на терен, а потоа преку организирање, координирање и учество во извршувањето на работите на терен со давање на упатсва за работа. По прибирањето на податоците од терен се пристапува кон средување и обработка на прибраните податоци и канцелариска изработка на Посебните планови за стопанисување со шуми. Изготвување на компјутерски карти за потребите на ППСШ, учество во расправи на рецензионата комисија, при што се постапува по договорените забелешки.

Посебни планови кои во текот на годината се предадени на Ревизија во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство се:

| Ред. бр. | Шумскостопанска единица | Подружница | Град |
|---|---|---|---|
| 1 | Конечка Планина | Плачковица | Радовиш |
| 2 | Вoѓанска Бука | Јасен | Скопје |
| 3 | Попадија Крајници | Бабуна | Велес |
| 4 | Бирино Селце | Липа | Крушево |
| 5 | Копиљача | Куманово | Куманово |
| 6 | Пелинце Дренак Пчиња | Куманово | Куманово |
| 7 | Шар Планина Бистрица | Лешница | Тетово |
| 8 | Лабиница | Црн Бор | Прилеп |
| 9 | Кожув II | Бор | Кавадарци |
| 10 | Емиричка Река | Кратово | Кратово |

Посебни планови за кои во текот на годината се чека Решение, а се поминати на рецензија се:

| Ред. бр. | Шумскостопанска единица | Подружница | Град |
|---|---|---|---|
| 1 | Гоцева Шума | Демир Капија | Демир Капија |
| 2 | Манастирец | МПЦ | Дебар |
| 3 | Јабланица | Јабланица | Струга |
| 4 | Глобочица | Јабланица | Струга |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5 | Мечкин Камен Дивјаци | Липа | Крушево |
| 6 | Злетовска Река | Осогово | Кочани |
| 7 | Ниџе II | Кајмакчалан | Битола |
| 8 | Огражден II | Беласица | Струмица |
| 9 | Кадина Река II | Караџица | Скопје |
| 10 | Висока Чука | Кожуф | Гевгелија |
| 11 | Копиљача | Куманово | Куманово |
| 12 | Пелинце Дренак Пчиња | Куманово | Куманово |
| 13 | Лабиница | Црн Бор | Прилеп |

Изработени Посебни планови за стопанисување со шумите со Решение од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство се:

| Ред. бр. | Шумскостопанска единица | Подружница | Град |
|---|---|---|---|
| 1 | Древеник | Кајмакчалан | Битола |
| 2 | Смрдешник | Плачковица | Радовиш |
| 3 | Видуш Крапа | Сандански | Македонски Брод |
| 4 | Герман Аниште | Осогово | Крива Паланка |
| 5 | Дренак Лисец | Осогово | Крива Паланка |
| 6 | Гоцева Шума | Демир Капија | Демир Капија |
| 7 | Манастирец | МПЦ | Дебар |
| 8 | Шар Планина Бистрица | Лешница | Тетово |
| 9 | Глобочица | Јабланица | Струга |
| 10 | Јабланица | Јабланица | Струга |
| 11 | Мечкин Камен Дивјаци | Липа | Крушево |
| 12 | Бирино Селце | Липа | Крушево |
| 13 | Злетовска Река | Осогово | Кочани |
| 14 | Ниџе II | Кајмакчалан | Битола |
| 15 | Огражден II | Беласица | Струмица |
| 16 | Дошница II | Кожуф | Гевгелија |
| 17 | Висока Чука | Кожуф | Гевгелија |
| 18 | Емиричка Река | Кратово | Кратово |
| 19 | Кожув II | Бор | Кавадарци |
| 20 | Конечка Планина | Плачковица | Радовиш |
| 21 | Кадина Река II | Караџица | Скопје |
| 22 | Попадија Крајници | Бабуна | Велес |

Изготвени Анекси за измена и дополнување на посебните планови за стопанисување со шумите:

| Ред. бр. | Шумскостопанска единица | Подружница | Град |
|---|---|---|---|
| 1 | Готен Нивичино | Беласица | Струмица |
| 2 | Фрлогоец | Лопушник | Кичево |
| 3 | Удово Рудник | Саланцак | Валандово |
| 4 | Јабланица | Лешница | Тетово |
| 5 | Бабуна Стровија | Црн Бор | Прилеп |
| 6 | Мечкин Камен Дивјаци | Липа | Крушево |
| 7 | Буково | Галичица | Охрид |
| 8 | Ветрен Сараево | Голак | Делчево |
| 9 | Крива Круша Тополка | Бабуна | Велес |
| 10 | Готен Нивичино | Беласица | Струмица |
| 11 | Јабланица | Јабланица | Струга |
| 12 | Караорман II | Јабланица | Струга |
| 13 | Ветрен Сараево | Голак | Делчево |
| 14 | Маркулија Орел | Лопушник | Кичево |
| 15 | Кадина Река I | Карацица | Скопје |
| 16 | Маркова Река | Карацица | Скопје |
| 17 | Гоцева Шума | Демир Капија | Демир Капија |
| 18 | Осогово II | Осогово | Кочани |
| 19 | Езеро Младост Караслари | Бабуна | Велес |
| 20 | Козјак | Куманово | Куманово |

Изработени Програми за стопанисување со шумите со Решение од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство:

| Ред. бр. | Програма | Подружница | Град |
|---|---|---|---|
| 1 | Воѓанска Бука | Национален парк Јасен | Скопје |
| 2 | Стенковец | Карацица | Скопје |
| 3 | Анекс на КП 1548 КО Блаце Кале | | Скопје |

Во период од 01.01.2019 до 31.12.2019 година, изработени Посебни ловностопански основи со Решение од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, изработени и во изработка Посебни ловностопански основи се:

| Ред. бр. | Ловностопански основи | Ловиште | Реон | Важност |
|---|---|---|---|---|
| **Изработени Посебни ловностопански основи со Решение од МЗШВ** | | | | |
| 1 | Караорман | Ловиште бр. 1 | Охрид | 2019-2028 |
| 2 | Дебарца | Ловиште бр. 2 | Охрид | 2019-2028 |
| 3 | Брежани | Ловиште бр. 2 | Охрид | 2019-2028 |
| 4 | Завој | Ловиште бр. 4 | Охрид | 2019-2028 |
| 5 | Лешница | Државно ловиште | Тетово | 2019-2028 |
| 6 | Јасен | Државно ловиште | Скопје | 2019-2028 |
| 7 | Јасен I | Државно ловиште | Скопје | 2019-2028 |
| 8 | Зрновска Река | Ловиште бр. 3 | Кочани | 2019-2028 |
| 9 | Стрима | Ловиште бр. 1 | Куманово | 2019-2028 |
| 10 | Думановце | Ловиште бр. 2 | Куманово | 2019-2028 |
| 11 | Козјак | Ловиште бр. 3 | Куманово | 2019-2028 |
| 12 | Шешково | Ловиште бр. 1 | Кавадарци | 2019-2028 |
| 13 | Куманичево | Ловиште бр. 2 | Кавадарци | 2019-2028 |
| 14 | Лукар | Ловиште бр. 3 | Кавадарци | 2019-2028 |
| 15 | Мрежичко | Ловиште бр. 4 | Кавадарци | 2019-2028 |
| 16 | Рожден | Ловиште бр. 5 | Кавадарци | 2019-2028 |
